# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

2018

**ДЕКЕМВРИ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **8**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 2 работни односи | 2 образование | 0 социјална сигурност |
| 0 здравство | 3 пристап до добра и услуги медиуми | 0 домување |
| 0 медиуми | 0 избирачки права | 1 друго |

## Реакции

Реакции овој месец **10**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 0 осуда од функционери | 7 соопштение од здр. на граѓани | 0 протест |
| 0 мислења на Народен Правобранител | 2 мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 останато |

### ПРЕВЕНЦИЈА

| | |
|---|---|
| Активности на ДИ | 0 |
| Активности на здрж. на граѓани | 1 |

## Карактеристики на жртвата:

| | |
|---|---|
| род | 37% |
| пол | 12% |
| сексуална ориентација | 12% |
| религија | 0% |
| политичка припадност | 0% |
| попреченост | 25% |
| етничка припадност | 14% |
| друго | 0% |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| директна | 5 |
| индиректна | 0 |
| вознемирување | 3 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 0 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД ДЕКЕМВРИ 2018

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2018




### СЛУЧАЈ:

Хелсиншкиот комитет за човекови права во соработка со партнерските организации РОМА СОС од Прилеп и Романо Авази од Тетово дојде до сознанија дека одредени кафе барови во Тетово, Прилеп и Скопје им го ограничуваат пристапот на Ромите, односно ги дискриминираат врз основа на нивната етничка припадност. Со цел да се докаже ваквата дискриминаторска практика, се спроведе тестирање ситуација преку кое се тестираше пристапот до посочените кафе баровите на Ромите со поставување на компаратор – контролни тестери – лица кои не се Роми. Тестирањето на ситуација е со цел да покаже дали лицата од ромска етничка припадност имаат ист пристап и квалитет на услуга во споменатите кафе барови како и лицата кои не се Роми. Од тие причини во секој од предвидените денови за тестирање на ситуацијата, во секој од трите кафе барови, во различен период од денот тим од двајца тестери и двајца контролни тестери ќе го тестираат пристапот до секој од кафе баровите, одејќи во кафе баровите, обидувајќи се да седнат на слободна маса, да нарачаат пијалоци и да го оценат квалитетот на услуга од сите тестирани кафе барови доколку успеат да остварат пристап во истите.

По спроведеното прво тестирање во кафе бар во Прилеп тестерите изјавија дека им бил оневозможен пристапот во кафе барот. Имено, тестерите кога пристигнале пред кафе барот и согласно сценариото за тестирање се обиделе да влезат во кафе барот и да нарачаат пијалок, пред вратата на кафе барот биле пречекани од келнер кој не ги пуштил да влезат во кафе барот со образложение дека нема место. По прашањето на тестерите зошто не може да влезат во кафе барот и укажувањето дека видно има слободни маси на терасата на кафе барот, келнерот им рекол дека сите маси се резервирани и им повторил дека не можат да влезат во кафе барот. Тестерот Контролните тестери од друга страна, изјавија дека оствариле пристап во кафе барот, односно на влезот на кафе барот биле пречекани од келнер кој ги прашал каде сакаат да седнат, ги придружувал до посакуваната маса и веднаш после нарачувањето ја донел нивната нарачка. Контролните тестери изјавија дека келнерот се однесувал љубезно и културно.

Генералниот заклучок од извршените тестирања на ситуација е дека кафе барот во Прилеп извршил директна дискриминација во пристапот до добра и услуги врз тестерите, заради нивната етничка припадност. Пристапот до добра и услуги претставува е важен сегмент во социјалниот живот на лицата од сите етнички заедници, а претставува особено интегрален дел во социјалниот живот на лицата од ромската етничка заедница, бидејќи треба да овозможи социјална инклузија на овие лица. Ограничувањето на пристапот на Ромите до добра и услуги претставува повреда на правото на еднаквост на Ромите во споредба со останатите етнички заедници, претставува продолжување на стигматизирањето и сегрегирањето на Ромите и отвора можност за постоење на дискриминаторска практика, доколку ваквиот третман е единствено насочен кон Ромите.

За овој случај Хелсиншкиот комитет поднесе претставка до Комисијата за заштита од дискриминација, користејќи ги изјавите од тестерите и извештаите од спроведеното тестирање.

### СУДСКА ПРАКСА:

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во случајот Лакатошова и Лакатош против Словачка[1] утврди повреда на членот 14 (забрана за дискриминација) во врска со членот 2 (право на живот) од Европската конвенција за човекови права. Случајот се однесува на употреба на огнено оружје од страна на полициски службеник кој во моментот на настанот не бил на активна должност. Полицискиот службеник влегол во домот на жалителите, кои се Роми. Жалителите биле сериозно повредени, а тројца членови од нивното семејство биле убиени. Кога бил испрашуван за настанот, полицискиот службеник изјавил дека размислувал за „радикално решение" за „справување" со Ромите. Полицискиот службеник бил осуден на намалена казна од 9 години затвор поради понизок степен на одговорност. Пресудата била донесена во поедноставена форма, без соодветно правно образложение за висината на казната и самото дело. ЕСЧП во својата пресуда утврди дека имало веродостојни податоци во случајот кои требало да ги алармираат властите за потребата да се спроведе истрага за можниот расистички мотив за нападот. Судот нагласува дека насилството мотивирано од расизам е особена повреда на човековото достоинство и бара посебно внимание и жестока реакција на надлежните власти. Надлежните власти потфрлиле да ги испитаат јасните индикатори на расизам во случајот, како што е фрустрацијата на полицискиот службеник во неговата неспособност да ги разреши прашањата поврзани со јавниот ред и Ромите, како што и било наведено во неговата психолошка проценка. Покрај тоа, полицискиот службеник не бил обвинет за расно мотивирано кривично дело, а обвинителот во обвинителниот акт воопшто не се осврнал на отежителната околност поврзана со расистичкиот мотив во случајот.

Дополнително, националните судови не успеале на било кој начин да го исправат ограничениот обем на истрагата и гонењето во случајот, а на самите странки им било дозволено само да покренат прашања во врска со надомест на штета.

Во случајот Мола Сали против Грција[2], ЕСЧП утврдил повреда на член 14 (забрана за дискриминација) од ЕКЧП, во врска со член 1 (заштита на право на сопственост) од Протоколот 1 од Конвенцијата. Во случајот, националните судови го примениле шеријатското право (исламско религиозно право) во спор за наследство помеѓу државјани на Грција кои припаѓаат на муслиманско малцинство, спротивно на волјата на тестаторот (починатиот сопруг на жалителката) кој го оставил сиот свој имот на својата сопруга со тестамент составен согласно грчкото граѓанско право. Судот го огласил тестаментот за ништовен, сметајќи дека во случајот примена има шеријатското наследно право, нагласувајќи дека во Грција, истото е особено применливо за Грците муслимани. Жалителката на која со ваквата пресуда била лишена од три четвртини од наследството, тврдела дека е жртва на нееднаков третман врз основ на религија, бидејќи доколку нејзиниот сопруг не бил муслиман, таа ќе имала право на целото наследство. ЕСЧП во пресудата особено утврди дека разликата во третманот кон г-ѓа Сали не е објективно и разумно оправдан. Судот посочил дека, меѓу другото, слободата на религија не бара од државите потписнички да воспостават посебна правна рамка со цел да им овозможат на религиозните заедници посебен статус со посебни привилегии. Во секој случај, државите кои воспоставиле таков систем, критериумите кои се применуваат треба да бидат воспоставени на недискриминаторски начин.

Одбивајќи го правото на припадниците на религиозно малцинство доброволно да се одлучат и да имаат корист од обичниот закон, не е само дискриминаторски третман, туку и прекршување на право кое е од особено значење на полето на заштитата на малцинствата, односно правото на слободна самоидентификација

[1] Lakatošová and Lakatoš v. Slovakia, app. no. 655/16 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-188265%22]}

[2] Molla Sali v. Greece app. no. 20452/14 https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22documentcollectionid2%22:[%22GRANDCHAMBER%22,%22CHAMBER%22],%22itemid%22:[%22001-188985%22]}

### РЕСУРСИ:


1. Агенција за фундаментални права „Искуства и перцепции за антисемитизам – Втора анкета за дискриминација и дела од омраза против Евреите во ЕУ"- https://fra.europa.eu/en/publication/2018/2nd-survey-discrimination-hate-crime-against-jews

2. Европско женско лоби „Регионална анализа на политиките и легислативата за насилството врз жените и Истанбулската конвенција во Западен Балкан и Турција" - https://www.womenlobby.org/Regional-Analysis-of-Policies-and-Legislation-on-Violence-against-Women-and-the

3. Совет на Европа „Информативна брошура за Истанбулската конвенција"- https://rm.coe.int/prems-122418-gbr-2574-brochure-questions-istanbul-convention-web-16x16/16808f0b80

4. Агенција за фундаментални права „Водич за спречување на противправно профилирање - денес и во иднината" http://www.equineteurope.org/Preventing-unlawful-profiling-today-and-in-the-future-a-guide

5. Европска мрежа на правни експерти за родова еднаквост и недискриминација „Телата на еднаквост прават разлика" - http://www.equineteurope.org/Equality-bodies-making-a-difference

6. Агенција за фундаментални права „Од институционализација до живеење во заедница на лицата со попреченост: Искуства од терен„ - http://www.equineteurope.org/-From-institutions-to-community-living-for-persons-with-disabilities

7. Агенција за фундаментални права „Откривање на мотивите на предрасуда во кривичните дела: Селектирани случаи на Европскиот суд за човекови права" -https://fra.europa.eu/en/publication/2018/unmasking-bias-motives

8. Мрежа за заштита од дискриминација „Законот за антидискриминација се соочува со опструкции во Собранието" http://mhc.org.mk/announcements/878?locale=mk

9. Мрежа за заштита од дискриминација „Комисијата за заштита од дискриминација продолжува со паушални и непрофесионални мислења" - http://mhc.org.mk/announcements/876?locale=mk

10. Хелсиншки комитет за човекови права „Како да постапите кога ќе се соочите со дискриминација и дела од омраза - лични приказни" - http://mhc.org.mk/announcements/879?locale=mk Хелсиншки комитет за човекови права „Информатор за дискриминација врз жените и статистика за родово базирано насилство" - http://mhc.org.mk/announcements/877?locale=mk

11. Хелсиншки комитет за човекови права „Што е дискриминација?" http://mhc.org.mk/announcements/871?locale=mk



Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.



ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**